# НАСТАВНА ПРОГРАМА

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



# МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02) и член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе Наставна програма по *музичко образование* за VI одделение на основното осумгодишно образование, односно за VII одделение на основното деветгодишно образование.



# 1. ВОВЕД

Музиката е исклучит
и живот и затоа таа има
образованието.

Целта на наставата по
на основното образовани
ги применуваат знаењата
знаења од областа на музи
образование ги оспособу
ници и чинители на муз
така и во секојдневниот

Заедно со ликовното
присутни во одредени п
странскиот јазик), музич
дување на учениците, р
способноста за разбирањ
и им се овозможува посте
во музичкиот живот во с

Изучувањето на музи
тивни емоции, креативн
одговорноста. Музичкот
во развојот на учениците,
вањето, како и во поттик

Наставниот предмет
од 1 час неделно, односно

**ЗАБЕЛЕШКА**:

*Согласно динамикат*
*основно воспитание и о*
*учениците во VI одделени*
*од учебната 2008/09 годи*
*грама за VII одделение на*

от за организација и ра-
(„Сл. весник на РМ“ бр.
от за основно образова-
96, 34/96, 35/97, 82/99,
5, 81/05, 113/05, 35/06,
ование и наука донесе
*ание* за VI одделение на
односно за VII одделе-
вание.

## 1. ВОВЕД

Музиката е исклучително важен дел на човековата култура и живот и затоа таа има свое значајно место во воспитанието и образованието.

Целта на наставата по музичко образование во третиот период на основното образование (VII – IX одделение) е учениците да ги применуваат знаењата, да ги прошируваат и стекнуваат нови знаења од области на музката и музичкото изразување. Музичкото образование ги оспособува учениците да станат активни корисници и чинители на музичката култура, како во училиштето, така и во секојдневниот живот.

Заедно со ликовното образование и со другите содржини присутни во одредени предмети (на пример, во мајчиниот и странскиот јазик), музичкото образование влијае врз облагородување на учениците, развојот на нивните естетски чувства, способноста за разбирање и доживување на музичката уметност и им се овозможува постепено да се вклучуваат и да учествуваат во музичкиот живот во својата околина.

Изучувањето на музиката влијае врз поттикнувањето позитивни емоции, креативноста, самостојноста, тимската работа и одговорноста. Музичкото образование дава значаен придонес во развојот на учениците, во стекнувањето на култура на однесувањето, како и во поттикнувањето на музичкото изразување.

Наставниот предмет е задолжителен и се изучува со фонд од 1 час неделно, односно 36 часа годишно.

**ЗАБЕЛЕШКА**:
*Согласно динамиката за воведување на деветгодишното основно воспитание и образование Наставната програма за учениците во ВИ одделение на осумгодишното основно училиште од учебната 2008/09 година е еквивалентна на Наставната програма за VII одделение на деветгодишното основно училиште.*

## 2. ЦЕЛИ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД VI ДО XI ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да ги проширува своите знаења од областа на музката и музичкото изразување (пеење, свирење на детски музички инструменти, музичко - ритмички активности) како и за одделни музички дела и автори;
- да го развива опсегот на гласот;
- да се поттикнува на сопствено музичко изразување;
- да ужива во убавината на музиката;
- да се ослободи од стрес, емоционална напнатост преку слушање музика;
- да се запознае со посложени музички дела од различни стилови и жанрови, како и со примери од народното музичко творештво;
- да го усвојува нотното писмо;
- да го применува читањето на нотниот текст во музичко-изведувачките активности (пеење, свирење на ДМИ, музичко изразување и творење);
- да ги усвојува музичко-теориските поими;
- да се оспособува за тимско работење;
- да ја користи информативната компјутерска технологија во музичкото изразување.

# 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО VII ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да применува правилна вокална интерпретација;
- да пее песни со разновидна мелодиска линија, различни по карактер и содржина;
- да развива чувство за ритам и да идентификува определен ритам;
- да развива способност за целосно слушање на музичко дело;
- да стекне сознанија за животот и творештвото на одредени композитори;
- да ги продлабочува знаењата на стручните поими за темпото и динамиката;
- да ги воочува карактеристиките и разликите на дурска и молска скала;
- да ја усовршува техниката на свирење на ДМИ (мелодиски и ритмички);
- да се оспособува за групно музицирање (свирење и пеење);
- да ги проширува знаењата на музичката терминологија и музичката писменост;
- да ги развива умеењата за пеење и свирење на посложен нотен текст;
- да се воведува во основите на музичките форми;
- да ги продлабочи знаењата на елементите и карактеристиките на народното музичко творештво.



# 4. КОНКРЕ

| |
|---|
| **Цели** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да го развива опсего<br>гласот;<br><br>• да применува правил<br>кална интерпретација;<br><br>• да се оспособува за г<br>пеење;<br><br>• да развива чувство з<br>там и да идентификува<br>делен ритам;<br><br>• да пее песни различ<br>содржина и карактер с<br>мена на соодветно те<br>динамика;<br><br>• да пее по ноти со т<br>рање;<br><br>• да пее песни во нер<br>делни тактови. |

# 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| I. ПЕЕЊЕ (8часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да го развива опсегот на гласот;<br><br>• да применува правилна вокална интерпретација;<br><br>• да се оспособува за групно пеење;<br><br>• да развива чувство за ритам и да идентификува определен ритам;<br><br>• да пее песни различни по содржина и карактер со примена на соодветно темпо и динамика;<br><br>• да пее по ноти со тактирање;<br><br>• да пее песни во нерамноделни тактови. | • <u>Пеење по слух:</u><br>детски, уметнички, народни песни, песни поврзани со државни и верски празници различни по содржина и карактер.<br><br>• <u>Пеење по ноти:</u><br>пеење поедноставни мелодиски вежби и песни со употреба на тоновите ла мало – ре2 со сите претходно усвоени нотни траења и четвртина нота со точка и знаците за промена на тонската висина: диес и разрешувалка(бекар).<br><br>• <u>Пеење народни песни по слух:</u><br>во нерамноделен такт (воведување во нерамноделни тактови). | | • Пеење песни различни по содржина и карактер според постапката на обработка на песна <u>по слух со опсег соодветен на гласовните можности на учениците</u> (пр.: обработка на песна по избор на наставникот).<br>Напомена: наставникот треба да внимава опсегот на песните да одговара на гласовните можности на учениците.<br><br>• <u>Пеење по ноти</u> на поедноставни песни различни по содржина и карактер (според постапката на обработка на песна по ноти) со опсег ла мало – ре2.<br><br>• Пеење по слух на кратки мелодиски мотиви<br>- (пр.1: наставникот го пее мотивот со именување на тоновите, а учениците го повторуваат;<br>- пр 2: наставникот го пее мотивот со текст, а учениците го повторуваат со именување на тоновите).<br><br>• Пеење народни песни со карактеристични народни ритми според постапката на обработка на песна по слух (пр.: песни во 5/8 или 7/8 такт, традиционални народни песни и песни од различни етнички заедници). |

| II. МУЗИЧКА ПИСМЕНОСТ (8часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да го доживее и разбере проширувањето на опсегот на тоновите;<br>• да го препознава и применува тонот re2; | • Проширување на опсегот на тоновите<br>• Положбата на тонот ре2 на петолинии (нота) | • Положбата на тонот на петолинии (нота):<br>- re2 | • Вежби за запишување и визуелно препознавање на тонот ре2.<br>- Пеење и свирење на мелодиски вежби со тонот ре2. |
| • да ги препознава и именува тоновите со абецедно именување; | • Абецедно именување на тоновите | - C, D, E, F, G, A, H | • Вежби за именување на тоновите со абецедни имиња. |
| • да ги препознава и применува знаците за промена на висината на тонот; | • Знак за промена на висината на тонот:<br>- диес (повишувалка)<br>- бекар (разрешувалка) | - Диес (повишувалка)<br>- Бекар (разрешувалка) | • Вежби за запишување и визуелно препознавање на знакот за промена на висината на тонот – диес (повишувалка) и бекар (разрешувалка). |
| • да ја препознава и применува a-moll скалата;<br>• да ја сфати поделбата на трите видови на молската скала;<br>• да ги препознава и разликува трите видови на а-мол скалата; | -• а-мол скала (трите видови) | - Хармонски вид на мол<br>- gis<br>- Мелодиски вид на мол<br>- fis<br>- adagio<br>- andante<br>- allegro | • Вежби за запишување, визуелно препознавање на скалата а-мол (трите видови) и нејзините елементи.<br>• Пеење и свирење на скалата а-мол (трите видови) и нејзините елементи. |
| • да ги воочува разликите на скалите C-dur и a-moll (трите видови); | • Темпо (ознаките на основните видови на италијански јазик) | - pp (pijanisimo)<br>- ff (fortisimo) | • Пеење и свирење на мелодиски вежби во скалата а-мол (трите видови) со анализа на нејзините елементи кои се сретнуваат во вежбите. |
| • да ги препознава и применува ознаките за основните видови темпо (на италијански јазик); | • Динамика (ознаките на нијансите на италијански јазик) | - Четвртина нота со точка | • Вежби за визуелно и слухово споредување и разликување на скалите Ц-дур и а-мол (трите видови). |



| Цели |
|---|
| • да ги препознава и при нува ознаките на нијанс на динамика (на италијан јазик);<br>• да ја препознава и при нува четвртина нота со точ |

методи

шување и визуелно пре-
онот ре2.
ење на мелодиски вежби

енување на тоновите со
а.

шување и визуелно пре-
накот за промена на ви-
– диес (повишувалка) и
валка).

шување, визуелно пре-
алата а-мол (трите ви-
те елементи.
ење на скалата а-мол
нејзините елементи.
ње на мелодиски вежби
олл (трите видови) со
ините елементи кои се
ежбите.
елно и слухово спореду-
ање на скалите Ц-дур и
дови).

| III. СЛУШАЊЕ МУЗИКА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| • да ги препознава и применува ознаките на нијансите на динамика (на италијански јазик);<br><br>• да ја препознава и применува четвртина нота со точка. | • <u>Четвртина нота со точка (како нотна вредност во траење од еден и пол удар)</u> | | • Пеење и свирење на вежби со примена на стручните изрази за основните видови темпо (на италијански јазик).<br><br>• Пеење и свирење на вежби со примена на стручните изрази за динамичките нијанси (на италијански јазик).<br><br>• <u>Вежби за препознавање на четвртина нота со точка:</u><br>• читање на ритмички вежби со четвртина нота со точка;<br>• пеење и свирење на мелодиски вежби со четвртина нота со точка;<br>• утврдување на сите изучени поими преку ребуси, крстозборки и др. |

| 3. СЛУШАЊЕ МУЗИКА (10 часа ) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да развива способност за целосно слушање на музичко дело;<br>• да дискутира за впечатоците од музиката;<br>• да стекне сознанија за животот и творештвото на одредени композитори (Вивалди, Сметана, Григ, Хачатурјан, Прокопиев);<br>• да стекне општи сознанија за жанрот концерт;<br>• да доживува и препознава по слух карактеристични ритми во народното музичко творештво и музички дела базирани на народното музичко творештво;<br>• да доживува музички изразни средства во програмската музика;<br>• да го разбира и применува поимот програмска музика. | • Вокални, инструментални, вокално-инструментални музички дела од различни стилови и жанрови, различни по карактер и содржина<br>• Инструментално дело во жанрот концерт<br>• Инструментални музички дела со програмски карактер | • Вокална музика<br>• Инструментална музика<br>• Вокално-инструментална музика<br>• Карактер<br>• Концерт<br>• Став<br>• Солист<br>• Програмска музика | • Слушање на делото „Зима" од циклусот „Годишни времиња" на А. Вивалди:<br>- претставување на животот и творештвото на композиторот;<br>- претставување на делото;<br>- повеќекратно слушање со различни задачи.<br>Посебна цел: *воочување на жанрот концерт и неговата структура – три става во различни темпа.*<br>• Слушање на делото „Дојрана„ од балетот „Лабин и Дојрана" на Т. Прокопиев според горенаведената постапка.<br>Посебна цел: *доживување на музичко дело базирано врз музичкиот фолклор.*<br>• Слушање на делото „Влтава" на Б. Сметана според горенаведената постапка.<br>Посебна цел: *доживување на карактеристиките на програмската музика.*<br>• Слушање на делото „Утро" од суитата „Пер Гинт" на Е. Григ според горенаведената постапка (во претставувањето на делото може да се посочи дека било напишано како музика за театарска претстава).<br>• Слушање на делото „Танц со сабјите" на А. |

| Цели | Содржи |
|---|---|
| | |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| | | | Хачатурјан според горенаведената постапка (во претставувањето на делото може да се посочи дека е дел од балетот на сиже од животот во Ерменија).<br><br>• Слушање вокални и вокално-инструментални музички дела по избор на наставникот (според горенаведената постапка).<br><br>• Слушање народни песни и ора од различни етнички заедници (пр. „Ситна лиса“, „Тоска“ итн.).<br><br>Додатни цели при слушање музички дела: доживување, воочување и именување *на основни видови темпо со стручни изрази*.<br><br>Доживување, воочување и именување на основни видови динамика со стручни изрази.<br>Доживување, воочување и именување на дур и мол (по можност, според карактеристиките на дадена композиција).<br>Доживување, воочување и именување на мотив и фраза (по можност, според карактеристиките на дадена композиција).<br><br>*Препорака за наставникот: повторно да се слушаат музичките дела од програмата за V и VI одделение со примена на стручните изрази за темпо и динамика.* |

| 4. СВИРЕЊЕ НА ДЕТСКИ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ (4 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• правилно да свири на ДМИ (ритмички и мелодиски);<br><br>• да развива вештини за ансамблово свирење канони по ноти;<br><br>• да развива способност за групно музицирање. | Свирење по ноти:<br>• ритмички вежби со сите претходно усвоени инструменти и поими од музичката писменост<br><br>• Песни и мелодиски вежби со сите претходно усвоени инструменти и поими од музичката писменост | Сите претходно усвоени | • Свирење на ритмички вежби индивидуално, во групи.<br><br>• Свирење на двогласни канони со опсег од до1 – до2 по ноти.<br>• Свирење едноставни партитури со употреба на мелодиските и ритмичките инструменти (на пример: двогласен канон со блок флејти и ритмичка придружба на силно време со ударни инсгрументи) во a-moll – трите видови. |

| **Цели** |
|---|
| Ученикот/ученичката:<br>• да го доживее моти<br>преку поврзаноста на<br>зиката со литературн<br>текст;<br>• да го усвои пои<br>мотив;<br>• да го препознава моти<br>во песни и вежби;<br>• да ги воочува и прет<br>вува мотивите со разли<br>симболи.<br><br>• да ја доживее фраз<br>преку поврзаноста на<br>зиката со литературн<br>текст;<br><br>• да го усвои поимот фра<br><br>• да ја препознава фраз<br>во песни и вежби. |

етоди

итмички вежби индивиду-

гласни канони со опсег од

авни партитури со употре-
те и ритмичките инстру-
: двогласен канон со блок
ка придружба на силно
инсгрументи) во a-moll –

## 5. ОСНОВИ НА МУЗИЧКИТЕ ФОРМИ (2 часа)

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ученичката:<br>• да го доживее <u>мотивот</u> преку поврзаноста на музиката со литературниот текст;<br>• да го усвои поимот мотив;<br>• да го препознава мотивот во песни и вежби;<br>• да ги воочува и претставува мотивите со различни симболи. | • <u>Мотив</u> | Мотив | Изразно читање на литературниот текст на песната „Зима, зима“ со јасна дикција и динамичко нијансирање.<br><br>Текст на песната: „Зима, зима, снегот снежи, студот стега, секој бега”.<br>I активност: Секој ученик да изброи од колку збора е составена песничката. ( 8 збора)<br>II активност: Наставникот го пее литературниот текст, а учениците треба да воочат мелодиско движење на зборовите во песната.<br>III активност: Усвојување на мелодијата на песната со литературен текст (по слух).<br>ИВ активност: Наставникот пее мотиви со именување на тоновите, а учениците повторуваат со зборови (воочување и поврзување на мотиви од тонови со мотиви од зборови).<br>• По истата постапка може да се воочи мотивот во други песни, вежби преку свирење на ДМИ и др. |
| • да ја доживее <u>фразата</u> преку поврзаноста на музиката со литературниот текст;<br><br>• да го усвои поимот фраза;<br><br>• да ја препознава фразата во песни и вежби. | • <u>Фраза (двотакт)</u> | Фраза | Изразно читање на литературниот текст на песната „Зима, зима” со јасна дикција и динамичко нијансирање.<br>Текст на песната:„Зима, зима снегот снежи, студот стега, секој бега“.<br>I активност: Воочување и препознавање на стихови (фрази) во песната.<br>II активност: Наставникот го пее литературниот текст, а учениците треба да ги воочат фразите во песната.<br>III активност: Наставникот пее фрази по ноти, а учениците ја повторуваат мелодијата со зборови (стихови).<br>- По истата постапка може да се воочи фразата во други песни, вежби преку свирење на ДМИ и др. |

| 6. НАРОДНО МУЗИЧКО ТВОРЕШТВО (4 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да се запознае со поделбата на народните ора;<br>• да ги воочува основните карактеристики на народните ора. | • Народни ора<br>• Поделба на ората (соборски, обредни) | Соборски ора:<br>- Сред село<br>- Мегдан<br><br>Обредни ора:<br>- машки поворки<br>- женски поворки | • Запознавање на орската традиција преку фотографии, видео и аудиоматеријали.<br>• Креативно изразување преку создавање на елементи од обичаи (според локалната традиција). |

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставните содржини по предметот *музичко образование* во VI одделение во осумгодишното основно образование, односно VII одделение во деветгодишното основно образование даваат можност да се реализираат интегрирано со содржините од други наставните програми. Исто така, се дава можност за внатрешно интегрирано планирање на сите теми во согласност на потребите на учениците и планираните активности.

При реализирање на содржините наставникот треба да го поттикнува и фали секое дете при музичкото изразување и не смее да се дозволи да се прави атмосфера на компетитивност меѓу учениците.

***Годишен фонд на часови***

| | ТЕМИ | Бр. на часови |
|---|---|---|
| 1 | Пеење | 8 |
| 2 | Музичка писменост | 8 |
| 3 | Слушање музика | 10 |
| 4 | Свирење на детски музички инструменти | 4 |
| 5 | Основи на музичките форми | 2 |
| 6 | Народно музичко творештво | 4 |
| | Вкупно: | 36 |

***Забелешка: Бројот на часовите е даден ориентационо.***



*Наставни средства:*
❑ аудио-визуелни средст
јутер);
❑ детски музички инстр
❑ дидактички средства и
❑ визуелни средства (сл
❑ Интернет, образовни с

## 6. ОЦЕНУВАН
## НА

Во текот на наставата
гањата на учениците, с
активности, мотивирано
носта на учениците, посв
работа (бројчано оценува
учениците, наставникот
уалниот пристап во пост

Наставната п
односно за седмо
со решение бр. 07

| |
|---|
| ọди |
| орската традиција преку и аудиоматеријали. зување преку создавање ичаи (според локалната |

| | Бр. на часови |
|---|---|
| | 8 |
| | 8 |
| | 10 |
| трументи | 4 |
| | 2 |
| | 4 |
| Вкупно: | 36 |

***даден ориентационо.***

***Наставни средства:***

- ❑ аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД- плеер, видеоплеер, компјутер);
- ❑ детски музички инструменти;
- ❑ дидактички средства и материјали;
- ❑ визуелни средства (слики, фотографии, апликации и сл.);
- ❑ Интернет, образовни софтвери.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за музичко изразување, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа (бројчано оценување). При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава на индивидуалниот пристап во постигањата на секое дете.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со Решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во VI одделение во осумгодишното основно образование, односно VII одделение во деветгодишното основно образование може да ја изведува лице кое завршило:

– факултет за музичка уметност – оддел за музичка теорија и педагогија;

– факултет за музичка уметност – други оддели со стекната педагошко-методска доквалификација на ФМУ.

Наставната програма по *музичко образование* за шесто одделение на основното осумгодишно образование, односно за седмо одделение на основното деветгодишно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-2328/1 од 15.03.2008 година.